24.03.2025
10-

ЈКП „Водовод" Битола
бр. 04-1307/14
11.02.2025 год.
БИТОЛА

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Сл.весник на РМ бр.27/14,199/14,48/15,154/15,5/16,142/16 и 11/18 и Сл.весник на РМ бр.275/19, 14/20/, 215/21, 99/22, и 208/24) а во врска со објавен јавен оглас за вработување на административен службеник во ЈКП "Водовод"-Битола бр.429/2024 и Предлог за вработување на кандидат по јавен оглас заверен со архивски број 10-160/5 од 10.02.2025 година а примено во ЈКП „Водовод"-Битола на 11.02.2025 година, В.Д. Директорот на ЈКП„Водовод"-Битола Андреј Гинов ја донесе следната :

# О Д Л У К А

**за избор на кандидат за вработување на административен службеник по објавен јавен оглас бр. 429/2024 во ЈКП „Водовод"-Битола**

1. По спроведениот јавен оглас од Агенција за администрација на Р.С.Македонија бр.429/2024 објавен на 28.12.2024 година во дневните весници Вечер, Нова Македонија и Коха за вработување на административен службеник 1 извршител во ЈКП „Водовод"-Битола се избира кандидатот :

**-За работно место КДР 01 02 В03 011 Соработник за правни работи, Одделение за општи и правни работи, Сектор за општи правни работи и човечки ресурси со идентификациски код 6347D2E се избира Катица Поповска-Андоновска.**

2. Одлуката за избор ќе се достави до избраниот кандидат, ќе се објави на интернет страницата и на огласната табла во Агенцијата за администрација.

3. Именованите ќе бидат вработени на неопределено работно време работно место од став 1 на оваа Одлука по конечноста на Одлуката.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 28.12.2024 година во дневните весници Вечер, Нова Македонија, Коха и на интернет страницата на Агенцијата за администрација е објавен јавен оглас бр. 429/2024

за вработување на административен службеник еден (1) извршител – Соработник за правни работи КДР 01 02 В03 011 во ЈКП „Водовод"-Битола.

Врз основа на Записник од извршената административна селекција за административен службеник бр.10-160/2 од 16.01.2025 година, Записник од спроведен испит за административен службеник бр.10-160/3 од 06.02.2025 година, Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр.10-160/4 од 10.02.2025 година и Предлог за вработување на кандидат по оглас бр.429/2024 бр.10-160/5 од 10.02.2025 година заверен под деловоден бр.04-1307/13 од 11.02.2025 година, В.Д. Директорот на ЈКП „Водовод"-Битола изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука** : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Битола

11.02.2025 година

В.Д. Директор на ЈКП„Водовод"-Битола

Андреј Гинов

Јавно комунално претпријатие п.о. "ВОДОВОД" 1 БИТОЛА

Доставено до :

-Избраниот кандидат

-Одд.за човечки ресурси

-Архива

-Агенција за администрација